ноември 2022

# КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА

## ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА КОМИСИИТЕ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ВО КУМАНОВО, СТРУМИЦА, ДЕБАР И СВЕТИ НИКОЛЕ

Граѓанска иницијатива на жени Свети Николе

# СОДРЖИНА

01 Вовед

02 Методологија

03 Институционален контекст и рамка на јавни политики

04 Клучни наоди

05 Заклучоци

06 Препораки

Финансирано од Европска Унија

Овој документ е изработен во рамки на проектот на „Здружени за активно граѓанство“, кој го спроведува НВО Инфоцентар со поддршка од Европската Унија. Истражувањето за функционалноста на КЕМЖМ го спроведоа Организацијата на жени од Струмица, Граѓанската иницијатива на жени од Свети Николе, Хуманитарното здружение „Мајка“ од Куманово и здружението „Радика Де“ од Дебар.

Содржината на анализата е одговорност на НВО Инфоцентар, Организација на жени од Струмица, Граѓанска иницијатива на жени од Свети Николе, Хуманитарно здружение „Мајка“ од Куманово и здружение „Радика Де“ од Дебар, и не ги одразува секогаш ставовите на Европската Унија.

# 01. ВОВЕД

Начелата на еднаквост и недискриминација се едни од темелните вредности на кои почива Уставот на Република Северна Македонија. Еднаквоста на граѓаните во најголема мера е поврзана со аспектот на еднакви можности, што подразбира еднакво учество на мажите и на жените во сите области на општественото живеење, еднаков статус и третман во остварување на нивните права, како и еднакви придобивки од остварените резултати.

Застапеноста и примената на принципот на еднакви можности се регулирани со Законот за еднакви можности на жените и мажите,[1] според кој и единиците на локалната самоуправа имаат обврска да усвојуваат мерки и да преземаат активности за воспоставување еднаквите можности. Тие се должни да формираат комисија за еднакви можности на жените и мажите во рамките на советот на општината, како постојано тело. Исто така, општините имаат обврска да именуваат координатор/ка за еднакви можности. Функционалноста на овие два механизма треба да придонесе кон намалување на родовата дискриминација и нееднаквост на локално ниво.

Поаѓајки од фактот на јасно дефинираните законски обврски за поттикнување и за унапредување на родовата еднаквост меѓу жените и мажите на локално ниво, Организацијата на жени од Струмица, Граѓанската иницијатива на жени од Свети Николе, Хуманитарното здружение „Мајка“ од Куманово и здружението „Радика Де“ од Дебар направија анализа на функционалноста на Комисиите за еднакви можности на жените и мажите (КЕМЖМ) при советите на општините Струмица, Свети Николе, Куманово и Дебар.

Предмет на оваа анализа е поставеноста и начинот на работење на КЕМЖМ (број и теми на одржани седници, соработката со координаторите за еднакви можности и со останатите комисии во рамки на советот, соработка со граѓанските организации и/или експерти во областа на родовите прашања, начин на креирање и спроведеување на родовите политики, покренати иницијативи за подобрување на родовата еднаквост, итн).

Истражувањето е спроведено во текот на септември и октомври 2022, а го анализира работењето на КЕМЖМ во период од декември 2021 до август 2022 година.

1.Закон за еднкави можности на жените и мажите, https://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/ZEM%205%2009%202011%20L.pdf

# 02. МЕТОДОЛОГИЈА

Анализата се заснова на квантитативно и квалитативно истражување, преку користење различни методи и релевантни извори на информации.
Во почетната фаза се направи деск-анализа на програмите и политиките на општините Струмица, Свети Николе, Куманово и Дебар, во областа на родовата рамноправност.

За потребите на истражувањето, до четирите општини беа доставени унифицирани барања за пристап до информации од јавен карактер, за да се утврди бројот и темите на одржани седници на КЕМЖМ, соработката со координаторите за еднакви можности и со останатите комисии во рамки на советот, како и соработката и вклученоста на граѓански организации во процесите на програмирање и спроведување на стратешките општински документи кои содржат мерки за намалување на родовата нееднаквост.

За утврдување на преземените мерки од страна на четирите општини и степенот на нивната реализација, организацииите спроведоа квалитативно истражување преку интервјуа/разговори со претседателите и членови на КЕМЖМ, со координаторите за еднакви можности и со претставници на граѓански организации, врз основа на претходно дефинирани полуструктурирани прашања. Прашањата беа насочени кон утврдување на нивото на меѓусебна соработка на претставниците на ЕЛС (КЕМЖМ, совети и координатори за еднакви можности) и соработка со граѓански организации кои работат во наведената област, нивото на меѓуоптштинска соработка на КЕМЖМ, функционалност на постојната законска регулатива, како и нивото на запознаености примена на концептот на родово одговорно буџетирање (РОБ) во процесите на програмирање, спроведување и следење на влијанието на општинските политики.

Направена е и евалуација и собирање податоци од секундарни извори на информации - Државниот завод за статистика и Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија.

# 03. ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ И РАМКА НА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

Остварувањето на принципот на еднакви можности и еднаквиот третман на жените и мажите, основните и посебните мерки за воспоставување еднакви можности, правата и обврските на одговорните субјекти и постапката за утврдување нееднаков третман се уредени со Законот за еднакви можности на жените и мажите.[2]

„Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорират принципот на еднакви можности на жените и мажите; да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите, да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа" (чл.2 од Закон за еднакви можности).

Единиците на локалната самоуправа се должни да формираат комисија за еднакви можности на жените и мажите, како постојано тело со одлука на советот на единицата на локалната самоуправа, а нејзиниот состав, надлежности, задачи и обврски се утврдуваат со статутот на единицата на локалната самоуправа.

Единиците на локалната самоуправа се должни да определат координатор и заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите од редот на државните службеници во единицата на локалната самоуправа.

2. Чл.1 од Закон за еднакви можности на мажите и жените(Сл.весник на РМ 6/2012,166/2014..)

# Комисија за еднакви можности на жените и мажите

Дава мислење за материјалите и предлозите за седниците на советот на единицата на локалната самоуправа.

Учествува при креирањето и донесувањето на стратешките документи и идентификува и дава предлози за начините на инкорпорирање и формализирање на принципот на еднакви можности и недискриминацијата.

Се грижи за доследно спроведување на одредбите од Законот за ЕМЖМ и други закони од областа на еднаквите можности и недискриминацијата, предлагајќи му на советот на единицата на локалната самоуправа мерки и активности во насока на унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата.

# Координатор и заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите

Се грижи за унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата во рамките на надлежностите на единицата на локалната самоуправа; дава предлози и мислења поврзани со еднаквите можности до Советот и до институциите и организациите на локално ниво.

Изработува извештаи за состојбата со еднаквите можности и недискриминацијата и да ги објави на интернет страницата на општината; соработува со КЕМЖМ во рамките на Советот и покренуваат заеднички иницијативи со цел унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата.

•Соработува со граѓанските организации и останатите институции на локално ниво на прашањето на еднаквите можности и недискриминацијата, ја следи состојбата со еднаквите можности и предлага иницијативи за преземање на мерки за подобрување на состојбата со еднаквите можности и недискриминацијата и во исполнувањето на своите задачи се координира и соработува со министерството.

# 04. КЛУЧНИ НАОДИ

## 4.1 СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ ВО ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

Единиците на локалната самоуправа имаат законска обврска да изработуваат годишен план во кој ќе ги утврдат општите и посебните мерки за остварување на принципот на еднакви можности, во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднкави можности, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и редовно да известуваат во рамките на своите годишни извештаи.[3]

Законската обврска за креирање годишни развојни програми ја исполнуваат три од четири општини опфатени со анализата. Дебар, Струмица и Свети Николе имаат донесено програми и акциски планови за еднакви можности за 2022 година. Областите на делување се насочени кон спречување на родово базирано насилство, подобрување на економската положба и здравјето на жените, родово одговорно образование итн.

Општина Куманово нема донесено програма за еднакви можноси за 2022 година.

Вкупниот буџет за реализација на Програмата за ЕМЖМ на Општина Струмица изнесува еден милион денари, а на Општина Свети Николе 100.000 денари.

ОПШТИНА КУМАНОВО НЕМА ПРЕДВИДЕНО СРЕДСТВА ЗА АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ!

## 4.1 ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА КЕМЖМ

Три (Дебар, Куманово, Свети Николе) од четири општини имаат назначено жени на позицијата координатор за еднакви можности. Во рамки на сите советите формирани се комисии за еднакви можности на жените и мажите.

Застапеноста на жените во КЕМЖМ изнесува 60%

3. Чл.14, став 1 и 2 од Закон за еднакви можности

# 04. КЛУЧНИ НАОДИ

Податоците за половата структура на членовите на комисиите за еднакви можности покажуваат дека застапеноста на жените е поголема во однос на мажите (12 жени наспроти 8 мажи).

| Општина | Број на членови | Жени | Мажи | Претседател/ка |
|---|---|---|---|---|
| Дебар | 5 | 4 | 1 | Жена |
| Куманово | 5 | 3 | 2 | Жена |
| Свети Николе | 5 | 3 | 2 | Жена |
| Струмица | 5 | 12 | 3 | Маж |
| ВКУПНО | 20 | 12 | 8 | Жени 3 / Мажи 1 |

Две (Куманово и Свети Николе) од четири комисии немаат одржано ниту една седница во периодот од декември 2021 до 31 август 2022!

Комисиите за ЕМЖМ се состанувале ретко во период од девет месеци.

Најмногу состаноци одржала КЕМЖМ во Дебар – пет, а по неа следува Комисијата во Струмица, која се состанала трипати во текот на девет месеци.

Три од четири комисии соработуваат со координаторките за еднакви можности. Исклучок е КЕМЖМ на Куманово бидејќи членовите немале ниту една средба со координаторката за еднакви можности.

# 04. КЛУЧНИ НАОДИ

Комиисите на Дебар, Свети Николе и Струмица одржуваат состаноци со координаторките за еднакви можности, но записниците не се јавно објавени на официјалните интернет-страници на општините и јавноста не е информирана за темите и содржината на состаноците.

Ниту една од трите комисии (Дебар, Свети Николе и Струмица) не располага со информации за степенот на имплементација на Програмите за ЕМЖМ за 2022!

Ниедна КЕМЖМ не применува родово разделени податоци во процесите на планирање и спроведување на програмата за еднакви можности.

Комисиите немаат одржано заеднички седници со другите комисии во состав на советите на општините!

Постои соработката помеѓу комиисите и ГО од Струмица, Свети Николе, Дебар и Куманово во полето на планирање, развој и спроведување на активности на програмите за еднакви можности на жените и мажите. Ваква соработка не постои помеѓу КЕМЖМ на општина Куманово и единствената граѓанска организација која работи во областа на родовата еднаквост.

КЕМЖМ и координаторките за еднакви можности се запознаени со концептот на родово одговорно буџетирање (РОБ), но не го применуваат, со образложение дека се соочуваат со недостиг од релевантни статистички податоци. Сметаат дека е потребна дополнителна едукација за примена на концептот на РОБ.

Комисиите досега не користеле податоци од научни истражувања и истражувања од граѓанскиот сектор.

Членовите на КЕМЖМ на Куманово не се доволно запознаени со содржината на Законот за еднакви можности и затоа не знаат дали тој е функционален. Членовите на останатите три комисии сметаат дека новата законска регулатива ќе овозможи подобра функционалност.

Комисиите за еднкави можности на жените и мажите од четирите општини досега немаат дадено мислење за родовата компонента на материјалите и предлозите на останатите комисии во рамки на советите на општините.

Меѓуопштинската соработка меѓу КЕМЖМ и координаторите/ките за еднакви можности не е на посакуваното ниво. Ваквата соработка најчесто се сведува на заедничко присуство на настани, обуки или студиски посети.

# 05. ЗАКЛУЧОЦИ

Од анализата на мерките и механизмите за унапредување на родовата еднаквост во општините Свети Николе, Дебар, Куманово и Струмица, може да се заклучи дека најголем дел од нив (три) располагаат со политики во наведната област, меѓутоа не постојат податоци и показатели за степенот на реализација и за влијанието од спроведувањето на тие политики. Општина Куманово не располага со политики за унапредување на родовата еднаквост.

Граѓаните немаат можност за информирање за конкретните мерки кои ги преземаат општините и советите за намалување на родовиот јаз на локално ниво.

Бројот на одржани седници на комисиите за еднакви можности на жените и мажите во општините Свети Николе, Струмица и Дебар не е на задоволително ниво. Овие комисии немаат реализирано ниту една заедничка седница со останатите комисии во рамки на советите на општините, а не направиле ниту проценка на родовата компонента на предлозите и материјалите на другите комисии.

КЕМЖМ немаат воспоставено формален механзиам за консултација со граѓански организации и/или независни експерти за афирмација, спроцедување и следење на мерките и активностите во областа на еднкавите можности.

Ваквата состојба не придонесува доволно за намалување на родовата нееднаквост и затоа, потребно е да се подобри соработката меѓу КЕМЖМ со другите комисии и со граѓанските организации, да се зајакнат капацитетите на членовите на комисиите за концептите на родовата еднаквост и родово одговорното буџетирање, како и за мониторинг и евалуација на родовата компонента во сите стратешки документи.

# 06. ПРЕПОРАКИ

- Комисиите за еднакви можности при советите на општините Дебар, Куманово, Свети Николе и Струмица треба да одржуваат редовни месечни состаноци за набљудување и оценка на мерките во областа на родовата еднаквост;
- Треба да се подобри транспарентноста на работењето на КЕМЖМ преку јавно објавување на записниците од одржаните седници;
- Треба да се воспостави механизам за соработка и консултации со граѓански организации и експерти кои работат во областа на родовата рамноправност во процесите на планирање и спроведување на политиките;
- КЕМЖМ да воспостават практика на разгледување на родовата перспектива во материјалите и предлозите на останатите комисии во рамки на Советот и дава мислење за нив;
- Треба да се зајакнат капацитетите на членовите на КЕМЖМ за примена на концептот на родово одговорно буџетирање;
- Треба да се подобри соработката на КЕМЖМ со другите комисии во рамки на советите на четирите општини;
- Комисиите да користат истражувања и експертизи од граѓански организации и експерти кои придонесуваат кон унапредување на родовата еднаквост во општините.